МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-6114/1 од 16. 11. 2013 год.

Врз основа на член 119 став (1) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15,39/16) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

Р Е Ш Е Н И Е

За одземање на А –Дозвола за усогласување со оперативен план, на операторот Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица, Фабрика за производство на моторни и индустриски масла Минол Дооел Штип
бр.11-12227/1/1 од 20.12.2013, се одзема.

Образложение

Правниот субјект Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица,Фабрика за производство на моторни и индустриски масла Минол Дооел Штип, носител на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-12227/1/1 од 20.12.2013, согласно процедурата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, има обврски и задолжувања кои треба да ги реализира во предвиден рок, редовно да доставува годишни извештаи, да известува за измени во инсталацијата, и сл ,ги нема реализирано активностите од оперативниот план.

Правниот субјект Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица,Фабрика за производство на моторни и индустриски масла Минол Дооел Штип, во определен рок не постапиле по дадените задолжувања димензионирани во дозволата, не ги реализирал активностите од оперативниот план.

Дополнително од страна на Државен инспекторат за животна средина, при спроведен вонреден надзор на ден 22.05.2018 е констатирана фактичка состојба, записник бр.ИП1 17-39.

Со оглед на тоа што од страна на операторот Заштитно друшхтво за вработување на инвалидни лица,Фабрика за производство на моторни и индустриски масла Минол Дооел Штип:

- Не ги исполнил активностите од оперативниот план
- Активноста 6 ;

Воведување на технологија за стабилизирање на филтратот

Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 119 став (1) од Законот за животна средина одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 xxx 031 61 во рамките на трезорската сметка.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Фатос Балиу
Контролирал: Назим Алити
Одобрил:
Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu